РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

УП1 Број: / Numer: 03-102
07.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 67 став 6 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-963/1 од 10.03.2025 година и Заклучокот арх.бр.02-1587/3 од 04.04.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 04.04.2025 година, го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, (УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ) заради извршена повреда на член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот програмски сервис во текот на една недела, односно во периодот од 10-ти до 16-ти февруари 2025 година, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена Дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-135 од 07.09.2023 г.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-963/1 од 10.03.2025 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка – јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 67 став 6 од ЗАВМУ, радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 10 март 2025 г., изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) по службена должност на програмскиот сервис на УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, емитуван во текот на една недела, и тоа во периодот од 10-ти до 16-ти февруари 2025 г., при што беше констатирано прекршување на член 67 став 6 од ЗАВМУ, односно во наведениот период радиодифузерот не спроведе најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена Дозволата за радио емитување Уп1 бр.08-135 од 07.09.2023 г.

Имено, во програмскиот концепт врз основа на кој му е издадена Дозволата за радио емитување, УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип се обврзало да биде наменето за студентите и за академската заедница од Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип; говорниот дел од програмскиот сервис да го емитува на македонски јазик; неделно да емитува сопствена говорна програма со траење од 17 часа и 30 минути, во кои застапеноста на информации и на други содржини важни за подрачјето каде што се емитува радиосервисот да биде вкупно 10 часа и 30 минути, уредувачки распоредени на: 3 часа и 15 минути програма со информативна функција; 3 часа и 20 минути програма со образовна функција и 3 часа и 55 минути програма со забавна функција; еднонеделната музика да биде вкупно 149 часа и 30 минути и еднонеделно, другите програмски сегменти да траат вкупно 1 час.

Споредбено, по наодите од вонредниот надзор врз програмскиот сервис за неделата од 10-ти до 16-ти февруари 2025 година, од страна на радиодифузерот не беше почитувана погоренаведената програмска структура, пријавена во постојниот програмски концепт на радиото, затоа што не беше емитувано ништо освен 161 час 31 минута и 42 секунди музика и 6 часа 28 минути и 18 секунди други, неновинарски програмски сегменти, односно радиодифузерот емитуваше само музика и програмски сегменти без новинарски и без уредувачки ангажман (самопромотивни најаваи/одјави и самоидентификациски информации).

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-963/1 од 10.03.2025 г. кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, на 11.03.2025 г., испрати Допис арх.бр.10-963/2 од 11.03.2025 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-963/1 од 10.03.2025 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 17.03.2025 година. Во предвидениот рок, УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 04.04.2025 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 67 став 6 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-963/1 од 10.03.2025 г. и Заклучокот арх.бр.02-1587/3 од 04.04.2025 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 04.04.2025 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-963/1 од 10.03.2025 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

-Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ;
-Овластено лице – ректор на Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 10.03.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 963/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден по службена должност;
2. **Субјект на надзорот:** Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ;
3. **Период опфатен со надзорот:** од 10 до 16 февруари 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 10 март 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**

    - **Член 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата во текот на една недела*)

    - **Упатство за надзор на спроведувањето на програмскиот концепт** (Бр. 01-2265/1 од 03.05.2018 г.)

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа - УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, емитуван во периодот од 10 до 16 февруари 2025 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Анализата направена врз еднонеделниот програмски сервис од 10 до 16 февруари 2025 година, покажа дека непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, не спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт врз основа на кој добила дозвола за работа. Радиодифузерот емитуваше само - музика и програмски сегменти без новинарски и без уредувачки ангажман (*самопромотивни најави / одјави и самоидентификациски информации*).

Непочитувањето на програмската структура, пријавена во постојниот програмски концепт на Радиото, првично беше евидентирано по редовниот мониторинг извршен врз програмскиот сервис емитуван на 2 декември 2024 година (арх. бр. 10 - 5257/1). Оттаму мотивот за спроведување вонреден надзор по службена должност, со кој е констатирано следново:

- Во програмскиот концепт, врз основа на кој му е издадена дозволата за радиоемитување, важечка од 05.01.2024 година - УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ се обврзало:

- да биде наменето за студентите и за академската заедница од Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип;
- говорниот дел од програмскиот сервис да го емитува на македонски јазик;
- неделно да емитува **сопствена говорна програма** со траење од **17 часа и 30 минути**, во кои - застапеноста на информации и на други содржини важни за подрачјето каде што се емитува радиосервисот да биде вкупно - 10 часа и 30 минути, уредувачки распоредени на:
  - 3 часа и 15 минути програма со информативна функција;
  - 3 часа и 20 минути програма со образовна функција;
  - 3 часа и 55 минути програма со забавна функција.

- **еднонеделната музика** да биде вкупно **149 часа и 30 минути**;
- еднонеделно, **другите програмски сегменти** да траат вкупно **1 час**;

Споредбено, по наодите од вонредниот надзор врз програмскиот сервис за неделата од 10 до 16 февруари 2025 година – не беше почитувана горенаведената програмска структура, затоа што не беше емитувано ништо освен: - **161 час 31 минута и 42 секунди музика**; и - **6 часа 28 минути и 18 секунди други, неновинарски програмски сегменти**.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 67 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, во неделата од 10 до 16 февруари 2025 година, непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ од Штип, не спроведуваше најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата за радиодуфузна дејност.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на радиодифузерот – *Република Северна Македонија Државен универзитет ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип – Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ* -, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година), да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи

своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***